# THE TERM HAMARTIA IN THE FOLK SONGS ABOUT SICK DOJCHIN

**Trajce Stameski**
Faculty of Philology "Blazhe Koneski" Skopje, North Macedonia, tstameski@gmail.com

**Abstract**: In Aristotle's theory of tragedy, the concept of hamartia (tragic flaw) has a crucial influence on the dramatic action, as it causes the downfall of the hero from happiness to misery and is connected with the concept of an unexpected reversal of the hero's fate. The entire history of literature encompasses various interpretations of hamartia, from an unintentional mistake, failure in something, or wrong belief, to a tragic flaw or sin. In principle, Aristotle's hamartia can be used in three basic meanings: first, as a synonym for an individual error that arises from insufficient knowledge of certain circumstances that could have been known to the hero. In this case, the error itself is unintentional, and his eventual moral responsibility depends on whether he is guilty of his own ignorance. Second, when it comes to conscious but also unintentional individual wrongdoing, which is more interpreted as the hero's action in an affective state. The third meaning of hamartia is related to various types of human weaknesses, due to which the error is a consequence of some character flaw. In the Christian interpretation of the concept, the tragic flaw is identified with sin. If we refer to Aristotle's indications of natural similarities between heroic epics and tragedy, then the structural and conceptual connection of Macedonian heroic folk songs for Sick Dojchin with the concept of fatal flaw characteristic of dramatic characters is indicative. That is precisely why, in this text, we will interpret the concept of hamartia in the extended variants of the folk songs for Sick Dojchin, in which the fatal flaw of the hero is not only intellectual (ignorance of some essential data) but also necessary hybridization of his deep mythological substrate and religious moral code. If a tragedy, in an ontological sense, represents a fiction about the downfall of the leader (hero) at the zenith of his glory, then the reason for the downfall is interpreted as the only way for his separation from society. In that case, his death is experienced as a necessary moral act.
In the epic poems about Sick Dojchin, the dignified death of the hero is understood as a metaphor for cathartic purification, and the act of cultic self-conscious sacrifice is perceived as the highest expression of the ideal: the culmination of heroism, reintegration into the memory of the community and re-establishment of order.
**Keywords**: Tragedy, tragic flaw, epic poem, Sick Dojchin, hero

# ПОИМОТ HAMARTIA ВО НАРОДНИТЕ ПЕСНИ ЗА БОЛЕН ДОЈЧИН

**Трајче Стамески**
Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, РС Македонија, tstameski@gmail.com

**Резиме:** Во Аристотеловата теорија на трагедијата поимот хамартија (трагична вина) има клучно влијание во драмското дејство, затоа што го предизвикува падот на јунакот од среќа во несреќа и се поврзува со концептот на ненадејниот пресврт во судбина на јунакот. Целокупната историја на книжевноста опфаќа различни толкувања на хамартијата, од ненамерна грешка, неуспех во нешто, погрешно уверување, па сè до трагична вина или грев. Во принцип, Аристотеловата хамартија може да се употреби во три основни значења: прво, како синоним за индивидуална грешка која произлегува од недоволно познавање на одредени околности, а кои можеле да му бидат познати на јунакот. Во овој случај самата грешка е ненамерна, а неговата евентуалната морална одговорност зависи од тоа дали тој е виновен за сопственото незнаење. Второ, кога станува збор за свесен, но исто така ненамерен индивидуален погрешен чин, кој повеќе се толкува како дејствување на јунакот во состојба на афект. Третото значење на хамартијата се поврзува со разните видови на човечки слабости, поради што грешката е последица на некаков недостиг во карактерот. Во христијанската интерпретација на поимот, трагичната вина се поистоветува со гревот. Ако се повикаме на Аристотеловите укажувања за природните сличности меѓу јуначките епови и трагедијата, тогаш е индикативна структурната и идејна поврзаност на македонските јуначки народни песни за Болен Дојчин поимот на трагичната вина својствен за драмските ликови. Токму затоа, во овој текст ќе го интерпретираме концептот хамартија во проширените варијанти на народните песни за Болен Дојчин, во кои трагичната грешка на јунакот не е само интелектуална (непознавање на некој суштински податок), туку и неопходна хибридизација на неговиот длабински митолошки супстрат и религиозен морален кодекс. Ако во онтолошка смисла трагедијата претставува фикција за паѓањето на лидерот (јунакот) во зенитот на својата слава, тогаш причината за падот се толкува како единствен начин за неговото одвојување од социумот. Во тој случај неговата смрт се доживува и како неопходен морален чин. Во епските песни за Болен Дојчин, достоинствената смрт на јунакот се сфаќа како метафора за катарзично прочистување, а чинот на култната

самосвесна жртва се доживува како највисок израз на идеалот: кулминација на херојството, реинтегрирање во меморијата на заедницата и повторно воспоставување на редот.

**Клучни зборови**: Трагедија, трагична вина, епска песна, Болен Дојчин, јунак

## 1. ВОВЕД

За епските народни песни е карактеристична длабинската поврзаност со митолошките дискурси, заради што современите интерпретации на нивните поетолошки аспекти честопати подразбираат неопходна реактуализација на некои митолошки концепти. Еден од клучните елементи на кохезија меѓу митот и епската песна е токму фигурата на јунакот, како сублимат на исклучителноста на карактерот и способноста за специфични подвизи. Во генеричка смисла, епскиот јунак го наследува архаичниот митолошки комплекс на т.н. културен јунак (демијург), чија примарна функција била снабдување на заедницата со културни и природни добра. Поради, недоволната издиференцираност меѓу природата и културата во првобитната свест на заедницата, ваквите постапки на културниот јунак се издвојувале како свесна акција, која подразбирала одредена храброст и умешност, па затоа и се доживувала како своевиден подвиг. Иако во оваа фаза на развојот, јунакот сè уште немал вистински формиран јуначки карактер, сепак со неговите спротивставувања на надворешните сили, тој се повеќе се диференцирал и придобивал особини на доброчинител или заштитник на заедницата и човештвото. Веќе поновите етапи од развојот на цивилизациите го истакнуваат херојскиот тип на културен јунак, кој ги симболизира силите на космосот како неопходен фактор на заштита на градовите од демонските суштества, олицетворение на силите на злото. Индикативно е наследството на сложениот архетипски комплекс во кодот на културниот јунак, кое може да се синтетизира преку две доминантни содржини: фигура на меморијата (корелативност со заедницата) и грижата за устројството на светот. Познато е дека некои жанрови, како што се: митот, јуначкиот еп, легендата и сказната, се необично богати со архетипски содржини, кои контекстуализирајќи се низ различни историски, социјални и културни стварности се трансформирале во нови значенски концепти со сопствени вредносни и естетски парадигми. Според тоа, дијалектиката на креативните процеси довела до надградување на ликот на миткиот културен херој во епски јунак со силно изразена индивидуалност, како еден вид на полубожество со исклучителна сила, со јасно чувство за праведност, но и со силно изразена бескомпромисност кон луѓето и боговите во ситуации кога била повредена неговата херојска чест, што честопати водела кон трагични консеквенци.
Инкорпорирањето на идејата за профилирање на јуначки карактер со силна митолошка предлошка во македонската епска традиција може да препознаеме во комплексниот лик на Болен Дојчин, во кој, покрај трите базични аспекти: морален комплекс, силна личност и неверојатност на подвигот, е присутен и секундарен (анти)религиозен кодекс, како клучен фактор за неговиот трагизам. Токму, симбиозата на сите овие елементи го конструира неговиот херојски идентитет, но и ја дестабилизира неговата јуначка големина, за што ќе говориме понатаму во текстот.

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ

Интерпретирајќи ја Аристотеловата дефиниција за трагедијата, како „состав од собития“, Здеслав Дукат особено го потенцира елементот „неповолен пресврт во судбината“ на јунакот, како клучен фактор во развојот на дејството кој го предизвикува неговиот конечен пад. За да го одреди овој климакс на дејството на трагедијата, Аристотел го употребува поимот хамартија, кој идејно го поистоветува со неповолен пресврт во судбината на јунакот, пад „од среќа во несреќа“, заради негова индивидуална грешка или погрешен судбински избор.
За да ја опфати комплексноста на мотивацијата на судбинскиот пресврт на јунакот во смисла на онтолошката дилема: зошто е потребно девалвирањето на неговиот јуначки статус? Зошто јунакот доживува несреќа во миговите на неговата највисока слава?
Аристотел ја посочува следнава експликација на концептот на хамартијата, како комплекс од значенски мотивации:
Синоним за ненамерна (случајна) грешка како последица на недоволно познавање на одредени околности, а кои можеле да му бидат познати на јунакот. Во таа смисла, грешката подразбира одредена морална одговорност кај ликот, која зависи од сознанието за вината за сопственото незнаење.
Свесна грешка, во форма на ненамерена погрешна постапка, која се толкува како дејствување на јунакот во состојба на афект.
Хамартијата е рефлексија на човечките слабости или недостаток во карактерот и е клучен фактор за падот на јунакот.
Аристотеловата трагична вина во голема мера коренспондира со моралистичкото толкување на поимот во стоицистичката философија и преферирањето на значењето на умот и индивидуалната совест. Според

нејзините идејни постулати значаен е принципот на „покорување на судбината и егзистенција во склад со природната нужност“, така што во етичкиот дефицит на јунакот е содржана причината за неговата катастрофа. И средновековната философија и естетика ја толкува хамартијата како личен пораз на јунакот, но неговото страдање повеќе е израз на волјата на боговите, отколку индивидуален чин. Но, и според овие сфаќања, пресудна е грешката на јунакот со која тој ја предизвикува сопствената несреќа и го навлекува гневот на боговите. Во фокусот на христијанската интерпретација на феноменот, трагичната вина се поистоветува со грев.

Положбата на човекот во светот според христијанскиот идеал во симболичка смисла може да се претстави преку фигурите на Прометеј и Јов, во кои се артикулирани двете темелни гледишта на проблемот на човековото страдање. Во ликот на Прометеј е олицетворена нескршлива верба во силата на човекот и афирмација на неговиот бунтовен хуманизам наспроти надворешните препреки и удари. Наспроти целосната немоќ и потчинетост на човекот пред Бог или песимистичката свест за човековата ништожност и некритичко предавање во рацете на судбината сублимирана во ликот на Јов.

Концептот на етички совршениот човек, според Аристотел подразбира соодност на два битни елемента: „Подготвеност попрво да се загине, отколку да се издаде некоја благородна идеја, која тој ја нарекува политичка мегатхимија (јунаштво), а која се изразува преку борбата како стремеж за чест и слава…. Односно, философска мегатхимија или подготвеноста да се живее и по цена на изложеност на најригорозни искушенија и препреки.“ (Дукат, 1981, стр.68)

Индикативно е тоа што и во двата случаја, херојот е исправен пред смртта, како доказ за неговото највисоко етичко херојство.

Подоцнежните западноевропски школи ја поврзуваат хамартијата со несовршеноста на трагичниот херој и посочуваат едно компромисно решение за јунакот кој не е ниту потполно виновен, ниту целосно невин, но, сепак, не ја исклучуваат каузалноста меѓу страдањето и неговата трагична вина.

Најновите интерпретации на поимот хамартија се однесуваат на нејзината интелектуална страна и поврзувањето со анагноризмот (препознавањето), а врската меѓу овие два елемента треба да се бара во агнојата (незнаењето на некоја суштинска информација). Во оваа смисла, хамартијата се поистоветува со „погрешен чин направен поради непознавање на неговата суштина, кој е почетен момент и причинител на серија од дејства кои водат кон катастрофа.“ (Дукат, 1981, стр. 73)

Значи, станува збор за интелектуална грешка на јунакот, која се доведува во врска со неговите евентуални етички слабости, но пред сè со судбинската заслепеност.

Во македонската фолклористика честопати се поставува прашањето за генезата на популарниот мотив за Болен Дојчин, имајќи го предвид фактот дека најголемиот број на епските варијанти се испеани и запишани на теренот на Македонија. Кирил Пенушлиски со право смета дека епскиот јунак Болен Дојчин е неспоредлив со сите останати јунаци кои се опеани во македонската епска традиција. Ваквата констатација тој ја поткрепува со специфичната поетска структура на сите запишани песни во која, со мали исклучоци, е индикативна тенденцијата за шаблонизираност на епскиот лик и на епските дејства. Станува збор за препознатлива моделираност на настаните, „контаминирање на ликови, мотиви и епизоди“, чија шематичност може да се претстави како: грев, клетва, болеста на Дојчин, сестрата Ангелина, загрозена чест (со појавата на Црна Арапина), неверни побратими, мегдан (епска пресметка со Црна Арапина), победа и смртта на Дојчин. Во релациона експликација на епската песна, индикативна е интенцијата на Пенушлиски за постулирање на веројатна мотивација за генезата на мотивот за „проколнатиот јунак“ преку чинот на неговиот голем грев (насилен влез во манастирот и скврнавењето на светиците). Очигледно, интерпретацијата на феноменот на гревот според Пенушлиски е целосно во духот на христијанската етика: Дојчиновиот грев ја провоцира клетвата од светиците кои ја одредуваат неговата казна (тој боледува три или девет години).

Во својата „Поетика“ Аристотел укажува на природните сличности помеѓу јуначките епови и трагедијата, и во однос на мотивите и во врска со хронотопот. Затоа, не чуди фактот што дел од сличностите се препознаваат и во варијантите за Болен Дојчин, особено во делот за трагичната вина на јунакот како „осилен јунак кој смета дека сè му е допуштено“:

Немој, брате Дојчине,/ со црква работа немаме!/ Се налути тога Дојчин,/ удри коња и црква прескочи. Се налути јунак Дојчин,/ зашто црквени врати не се отвориа. Удри со десната нога/ и отера врата до олтара. Влезе во црква,/ најде три моми. (Пенушлиски, 1986, стр. 146)

Индикативна е трагичната грешка која произлегува од неговотот погрешно уверување кое го доведува до ситуација на погрешно дејствување и ја налага клетвата од светиците како судбинска предодреденост:

Тогај, Дојчин ними си целуна,/ си целуна и си и пољуби./ Тогај него си го проколнаја. (Пенушлиски, 1986, стр. 145)

Интелектуалната експликација на феноменот Болен Дојчин имплицитно ја реактуелизира и афирмира неопходната релацијата меѓу хибрисот (заслепеност на јунакот од сопствената големина) и хамартијата (трагична вина или грешка на јунакот).
Во проширените варијанти на песните за Болен Дојчин почетниот простор ја отвора темата на напнатоста меѓу Дојчин и Бог како важна идејна, философска и естетска концепција на текстот. Мрежата од дејства во овој иницијален дел на песната е значенски ориентирана кон мотивирање на гревот на Дојчин и конципирање на брз заплет, кој од длабинската значенска супстанција на песната ја артикулира идејата за вината и подоцна за страдањето на јунакот:
И ќе лежит девет години болен,/ дур да дојдит времето. (Пенушлиски, 1986, стр. 147)
Во значенска смисла песната ја загатнува онтолошката дилема: дали трагичната вина на Дојчин е последица на неговиот религиозен скептицизам или заради несовршеноста на светот?
Се чини дека и во двата случаја песната ги хибридизира моралниот и религиозниот статус на јунакот преку односот човек: Бог, што може да се толкува како надградување на традиционалната религија со индивидуален концепт. Меѓутоа, и покрај тоа, песната не се оддалечува од базичната идеја за вечната правда и концепцијата за божјото уредување на светот како највисок религиозен дигнитет. Затоа, од самиот почеток евидентно е влијанието на метафизичкиот фактор во уредувањето на дејството и профилирањето на ликот под перманентна изложеност на пророчка сила која ќе го детерминира неговиот пораз. Фактички, хамартијата е во директна спрега со изборот на дејствување на јунакот во ситуација на судбинска дилема. Приспособувањето на воспоставените етички вредности би можело да значи избегнување на трагичните консеквенци, меѓутоа таков расплет не е веројатен заради јуначкиот карактер на ликот. Во песната Дојчин се однесува како култен трагичен херој, кој во објективна смисла го нарушува редот во светот и го предизвикува гневот кај светците. Во неговиот херојски супстрат не постои стриктно разграничување меѓу божественото и човечкото. Дојчин е еден вид на полубожество, епски лик со херојски димензии, кој го надминува човечкиот просек, во физичка, емоционална и интелектуална смисла. Ваквото расудување сепак нè води кон констатацијата дека драстичното надминување на просечноста и претераноста на карактерот се едни од клучните фактори за тешката казна од боговите (болеста) со која тие ја понижуваат неговата херојска чест.
И колку се качи на којна,/ со брзина којнот трчаше, Дојчин од којна ми падна,/ и падна многу тешко болен. (Пенушлиски, 1986, стр. 147)
Во своите философски промислувања, Платон го постулира концептот на ноуменот, како сè она промислено што може да се осознае само со духот или со чистата мисла. За Платон ноумените се сите интелегибилни појави, особено идеите, за разлика од сè она што може да се забележи со сетилата и што претставува појава или феномен. Подоцна и Кант го постулира терминот ноуменалот за да го опише сето она што духот го открива во феномените, но кое не може да се перципира. Во сите долги варијанти на песните Болен Дојчин е неосознаен субјект за постоењето на ноуменот на „повисока“ сила, а неговото себеосознавање започнува во моментот кога се активира култот кон смртниот грев. Според тоа, болеста, страдањето се нови сознанија за судбинскиот пресврт кој му се случува, во духовна и во телесна смисла. Иницијалната слободна волја на Дојчин, артикулирана како претераност, бунтовност и неподготвеност за компромиси штом еднаш е одредена целта, се надоградува со екстерната божја интервенција, која го коригира неговото однесување. Така, Дојчин останува осамен во сопственото страдање. Во песната се покренува проблемот на вината, како индивидуална трагедија. Во философско-религиозна смисла, се артикулира идејата за праведниот Бог кој управува со светот, кој за општочовечко добро ги коригира човечките грешки повторно создавајќи стабилен етички поредок. Меѓутоа, и покрај сознанието за трагичната грешка, Дојчин беспоговорно ја прифаќа и одважно ја поднесува тешката казната како неминовност на судбината. Со необична издржливост во страдањето и подоцнежната способност за индивидуален подвиг тој повторно ја надминува нормалноста во форма на надегзистенцијален концепт:
Болен лежал, болен ми Дојчине,/ болен лежал тридевет години,/ искинало тридевет постељи,/ низ коските трева му никнала,/ низ тревата змији ми лазеле! (Пенушлиски, 1986, стр. 269)
Неговата стаменост во страдањето во пошироката општествена перцепција е редовно пропратено со стравопочит од обичниот свет, на сличен начин како што во традиционалната религиозна свест обично се изразува стравопочит кон божеството.
Здеслав Дукат ја толкува улогата на херојот како трансцедентална можност на човештвото „преку своите избрани и исклучителни претставници да ја достигне границата на натчовечкото и на тој начин да ги отфрли наметнатите ограничувања на егзистенцијата.“ (Дукат, 1981, стр. 50)
Крајот на песната го реактивира култот кон јунакот во насока на трансформирање на хамартијата во етички образец за заштита на семејната чест и заедницата. Во овој случај, народниот творец приоритет му дава на

неговиот лик, како етички дејствител, како лидер и врвна етичка супстанција. На тој начин се ревалоризира неговиот јуначкиот карактер преку систем од исклучителни акции кои Дојчин е подготвен да ги преземе до конечниот подвиг во екстремно неповолни услови. Од длабинската морфологија на песната се актуелизира идејата за „праобликот на човековото самоприкажување“ артикулиран преку концептот јуначка смрт на херојот и неговата повторна херојска рехабилитација.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Темелната идеја на епската песна за Болен Дојчин ја генерира свеста за индивидуализација на јунакот, како посебен вид на идентитетска самосвест и исклучителност кои неминовно водат кон судир со боговите. Очигледно е дека кулминација на напнатоста настанува заради претераноста на субјектот, кој дејствува во хибрис или заслепеност од сопствената јуначка величина. Со нарушувањето на воспоставениот божји поредок (влезот во божествените простори не е дозволен за ниедно смртно полубожество) се артикулира хамартијата и се генерира гневот на светиците во форма на казна на јунакот (симболичка рамнотежа на етичкиот поредок). Според тоа, идентификувањето на хамартијата со интелектуалните рефлексиии на човечките слабости или недостатоци во карактерот во песните за Болен Дојчин, е важна компонента во конституирањето на феноменот, но, се чини недоволна, доколку не се контекстуализира со длабинскиот митолошки супстрат и традиционалниот религиозен етички кодекс.  За онтолологијата на трагизмот е карактеристичен падот на лидерот во зенитот на својата слава, а причината за падот како единствен начин за неговото одвојување од социумот и неопходен етички чин. Во епските песни, култот по смртта на за Болен Дојчин претставува метафора за неговото катарзично прочистување, а чинот на култната самосвесна жртва како највисок израз на идеалот: херојски став кон животот и светот, реинтегрирање на јунакот во културната меморијата и повторно воспоставување на рамнотежа.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Аристотел, (2006). *За душата*, прев. Маргарита Бузалковска-Алексова. Скопје, Магор;
Аристотел, (2003). *Никомахова етика*. прев. Елена Колева. Скопје, Три;
Аристотел, (2015). *За поетиката*. Скопје. Ад Вербум;
Dukat, Z. (1981). *Sofoklo*. Rijeka. ICR;
Janković, V. (2019). *Imenik klasične starine*. Beograd: Laguna;
Кени, Е. (2016). *Нова историја на западната филозофија. Т.1. Античка филозофија*. Скопје, Арс Студио;
Лафазановска Стојановиќ, Л. (2014). *Фолклористички релации*. Скопје, Маски;
*Македонска научна и стручна терминологија*. Филозофија. Т.1. и Т.2. прир. Ана Димишковска и Иван Цепароски. (2023). Скопје, МАНУ
Мартиноска, А. (2014). *Културни парадокси*. Скопје, Институт за македонска литература;
Пенушлиски, К. (1988). *Одбрани фолклористички трудови. Т. 1*. Скопје, Македонска книга;
Пенушлиски, К. (1986). *Болен Дојчин*. Скопје. Македонска книга.
https://makedonskijazik.mk/2018/10/%D0%B5%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BD%D0%B0%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D0%B5%D1%81%D0%BD%D0%B8.html, 2023
https://www.researchgate.net/profile/Ranko-Mladenoski/publication/301748845_Praktikum_po_teorija_na_poezijata/links/5725203f08aee491cb3a9f06/Praktikum-po-teorija-na-poezijata.pdf, 2023
https://www.macedonium.org/Macedonium.aspx?jazik=2&kid=6&pid=24&ppid=223, 2023